**ТоплификацијА АД - Скопје**

**Друштво за производство и дистрибуција на топлинска енергија**

УТНО!

**Врска: 3 СТ-124/18**
**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II**
**С К О П Ј Е**
**Стечајно одделение**

ПРИМЕНО 08 -06- 2018 Основен суд-Скопје II

**ПРЕДМЕТ:** Поднесок од Топлификација АД Скопје

На ден 07.06.2018 година од страна на Топлификација АД направен е увид во списите на предметот при што земени се фотокопии од документите кои не беа во досието во стечајното одделение при вршењето на првичниот увид во списите на предметот.

Од Документот насловен како: Уредување на предлог за отворање на стечајна постапка на должникот Друштвото за производство на електрична и топлинска енергија од Скопје од 24.04.2018 година,кој Основен суд Скопје 2 Скопје го испратил до полномошникот Адвокат Аница Цветановска за Предлагач- должник, стечајниот судија побарал од предлагачот да направи доуредување на предлогот за отворање на стечајна постапка.

Под реден број 3.од документот, стечајниот судија побарал Одлука од Управен одбор за одобрување дека над должникот се спроведува план за реорганизација и поднесување на предлог со изготвен план за реорганизација , со записник од седница на управен одбор.
Во документот насловен како : Одговор на допис од 30.04.2018 година, кој полномошникот на должникот ТЕ-ТО АД, Адвокат Аница Цветановска го доставила до судот јасно се гледа дека бараниот документ кој е доставен со доуредувањето **НЕ Е ОДЛУКА ОД УПРАВЕН ОДБОР ЗА ОДОБРУВАЊЕ ДЕКА НАД ДОЛЖНИКОТ СЕ СПРОВЕДУВА ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА**.

Должникот има доставено одлука од Управен одбор за **ИЗРАБОТКА И ПОДНЕСУВАЊЕ** ПРЕДЛОГ НА ПЛАН ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПРЕТХОДНА СТЕЧАЈНА ПОСТАПКА НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА И ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ТЕ-ТО АД Скопје број 02-29/3/1 од 12.03.2018 година.

Видно од Одлуката и од записникот од седницата на управен одбор одржана на ден 12.03.2018 година, јасно е дека **должникот –предлагач нема постапено по барањето на судот**, односно нема доставено одлука на управен одбор за **ОДОБРУВАЊЕ** дека над должникот се спроведува план за реорганизација.

Изготвениот план за кој бил задолжен Претседателот на управен одбор на друштвото да ги преземе сите дејствија неопходни да се изработи и да се поднесе планот за реорганизација**, не е усвоен од управниот одбор на друштвото иако согласно член 30, член 31 и член 32 од Статутот на друштвото неопходно е да има одлука за усвојување на Планот за реорганизација.**

Согласно член 32 од Статутот на друштвото, управниот одбор не можел да одлучува за усвојување на Планот за реорганизација без претходно одобрение на надзорниот одбор на друштвото.

**Согласно член 11 од Статутот на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје, одлука за престанок на друштвото ( а стечајот несомнено е една од формите на престанок на друштвото) носи Акционерското собрание, што значи дека за предлогот за отворање на стечај и планот за реорганизација задолжително е потребно да има одлука од Собранието на акционери на друштвото .**

Ако управниот одбор донел одлука и задолжил лице за изработка на планот, согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО Е ДА ИМА И ОДЛУКА ОД ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА РЕОРГАНИЗАЦИЈА И НЕГОВО СПРОВЕДУВАЊЕ.**

Овој недостаток на планот за реорганизација претставува непочитување на одредбите од Законот за трговски друштва, но и на Законот за стечај како lex specialis , бидејќи согласно член 215-в од Законот за стечај стечајниот судија по службена должност или по предлог на заинтересирано лице ќе го отфрли предлогот за отворање на стечајна постапка и предлогот за спроведување на реорганизација по изготвен план за реорганизација ако планот не е потполн или **е неуреден**, како што е во случајот.

Согласно член 236 од Законот за стечај има повреда на постапката бидејќи со планот за реорганизација втората група на доверители е полошо третирана , односно со впаричување на имотот на стечајниот должник би биле подобро обесштетени отколку со спроведување на Планот за реорганизација, видно од Алтернативниот план за реорганизација доставен од Топлификација АД.

Привремениот стечаен управник Извештајот за економско - финансиската состојба на должникот Друштво за производство на електрична и топлинска енергија ТЕ-ТО АД Скопје го поднел до Основен суд Скопје 2 Скопје на ден 04.06.2018 година а рочиштето за одлучување за предлогот и гласање за планот за реорганизација на должникот беше закажано и одржано еден ден потоа, на ден 05.06.2018 година, па зачудува фактот како стечајниот судија и доверителите можеле да бидат целосно запознати со економско - финансиската состојба на должникот.

Доколку и при погоре наведените неспорни факти, продолжи оваа судска постапка без документација која е неспорно потребна по закон со што ќе се направи сериозна штета на Топлификација АД од над 28 милиони евра, а бидејќи постои и сериозна опасност поради овој процес и државата да биде тужена од сопственик на доверител поради претрпена штета, фирмата ќе ги извести сите надлежни органи за досегашниот тек на овој процес.

Скопје,08.06.2018

За Топлификација АД Скопје